НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.23

БИТОЛА

2020

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 23 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

Печати: Херакли Битола

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Александар МИТКОСКИ
ТУМУЛИТЕ ВО МАРИОВО 1

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДОЛИШТЕ КАЈ СЕЛО ПРИЛЕПЕЦ – 2017 ГОДИНА 15

Александар ЛИТОВСКИ
ГРЧКО-ИТАЛИЈАНСКАТА ВОЈНА И ПОЧЕТНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АНТИФАШИСТИЧКАТА БОРБА ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА НИЗ СПОМЕНИТЕ НА НАУМ ПЕЈОВ 25

Роберто ТРАЈКОВСКИ
„ЕТНИЧКИТЕ АСПЕКТИ ОД МЕМОРАНДУМОТ ВО ВРСКА СО ЗАПОСЕДНУВАЊЕТО НА ГРЧКИ ПРОВИНЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ТРАКИЈА ОД БУГАРИЈА“, ОД 8 АВГУСТ 1941 ГОДИНА 39

Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ
ПРЕРОДБЕНСКИ ОДГЛАСИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН 47

Васко ГИЧЕВСКИ
ПРОИЗВОДСТВОТО И КОНСУМАЦИЈАТА НА ХРАНА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК, 1879-1912 ГОДИНА 59

Стефан КАРАЏОВСКИ
УНГАРЦИТЕ ПОМЕЃУ МИТОТ И ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА 67

Мери СТОЈАНОВА
ИЗБОР НА МЕСИНГАНИ И БРОНЗЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НУ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – БИТОЛА 73

Ефросинија ПАРЕВСКА
СИМБОЛИКА И ЗНАЧЕЊЕ НА ДВА ПРСТЕНИ ПЕЧАТНИЦИ ОД СРЕДИНАТА НА 19 ВЕК, ВО БИТОЛА 85

Лилјана НЕДЕЛКОСКА
РОДНОКРАЈНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО И ГРАДСКИОТ МУЗИЧКИ ЖИВОТ НА ПРИЛЕП (Од Атанас Бадев до денес) 93

Весна БОШЕВА РУСОВСКИ
ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО МУЗЕИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КОРИСНИКОТ 111

Соња СТРЕЗОСКА ВЕЛЈАНОВСКА
ОДГЛАСОТ ВО СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ НА ПРОЕКТОТ "СКОПЈЕ 2014" 119

Биљана ТЕМЕЛКОСКА
СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ БИБЛИОТЕКИ 135

Оливера МАКРИЕВСКА
ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА ЕВОЛУЦИЈА НА ИКОНАТА КАКО РЕЛИГИОЗЕН И ИСТОРИСКИ ПРЕДМЕТ 145

Паре ЗАРЕВСКА
ПРИКАЗ НА МОНОГРАФСКА ПУБЛИКАЦИЈА „ВИЗАНТИСКА КЕРАМИКА" ОД КЕН ДАРК (DARK KEN, BYZANTINE POTTERY, CHARLESTON, 2001) 159

Мимоза ХРИСТОСКА
ИКОНИ ОД МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА СВЕТИ ИЛИЈА СЕЛО МЕЛНИЦА, МАРИОВО 175

Весна Калпаковска
ПОЧЕСЕН НАТПИС НА ФЛАВИЈА ОД СТИБЕРА, ЌЕРКА НА ГРАДОТ 185

Зоран АЛТИПАРМАКОВ, Весна КОЧАНКОВСКА
ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА АРХИТЕКТУРАТА И КОНСТРУКЦИЈАТА НА ЦРКВАТА „СВ.ЃОРГИ" ВО С.КУРБИНОВО 193

Ана МЛИНАР, Викторија МОМЕВА АЛТИПАРМАКОВСКА,
Душан СТРГАР, Естела РАДОЊИЌ ЖИВКОВ
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ОД ОДРЖАНИОТ VIII СИМПОЗИУМ* НА ЕТНОЛОЗИ-КОНЗЕРВАТОРИ од Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Словенија, одржан во Битола, 2- 4 Октомври 2019 година „УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО: ОД ВАЛОРИЗАЦИЈА ДО ИНТЕРПРЕТАЦИЈА" 213

Владо ЃОРЕСКИ
ГАЛЕРИЈАТА НА СОВЕРЕМЕНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ИЛИ КРАТКА ИСТОРИЈА НА БИТОЛСКОТО СЛИКАРСТВО - ПРВ ДЕЛ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – БИТОЛА 223

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови” кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови” го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

УДК 904:391.7(497.774)“18“
УДК 903.25(497.774)“18“ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 23

Ефросинија ПАРЕВСКА[1]

СИМБОЛИКА И ЗНАЧЕЊЕ НА ДВА ПРСТЕНИ ПЕЧАТНИЦИ ОД СРЕДИНАТА НА 19 ВЕК, ВО БИТОЛА

Апстракт: *Накитот е многу повеќе од украсен детаљ, тој е и симболично обележје за општествената положба, сталежот, етничката и религиозната припадност, како икултурното и образовното ниво на оној што го носи. Темата ги обработува значењето и симболиката на прстените, особено прстените печатници од 19ти век во Отоманската Империја, со посебен осврт и анализа на неколку примероци од етнолошката збирка на НУ Завод и музеј – Битола.*

Клучни зборови: *прстен печатник, симболика, Османслиско Царство, Битола, 19 век*

Накитот и украсувањето постојат откако постои и човековото симболичко изразување[2]. Според E. Fromm тој претставува симболички јазик со сопствена граматика и синтакса[3]. Кога говориме за симболичкиот јазик на накитот, прстенот како безвременско парче накит кое се појавило уште во времето на палеолитот[4] и кое можеме да го сретнеме кај двата пола, можеби е и најрепрезентативниот примерок на овој јазик. Тој претставува кружна лента или обрач изработен од скапоцен или декоративен материјал кој се носи на прстот, што кажува и самото негово име. Иако денес прстенот претставува декоративен детаљ кој го покажува брачниот и социјалниот статус, гледано наназад прстенот, пред сé бил симбол за моќ, авторитет,општествена положба и верска припадност на неговиот сопственик. Неговата симболика е тесно поврзана со симболиката на неговата форма, односно кругот. Кругот е еден од најстарите универзални симболи кој во себе обединува повеќе поими: единство, целина, бесконечност, вечност, сето циклично движење, големиот ритам на универзумот. Питагора го нарекол кругот „монад“, најсовршен од креативните форми, без почеток и крај, без страни и агли. Тој го поврзал кругот со бројот 1 и практиката на монотеизам.Бог е круг, чиј центар е насекаде и чиј обем не е никаде (Хермес Трисмегистус). Во митолошка и магиска смисла, тој претставува заштитен симбол, односно неговата улога е да штити од надворешни зли сили[5], но во некои случаи и да спречи

[1]Ефросинија Паревска, кустос етнолог, НУ Завод и музеј – Битола, ул. Климент Охридски бр. 18, 7000 Битола, e-mail: e.parevska@yahoo.com.
[2]Никола Пантелић, „Накит и кићење у XIX и XX веку“, Етнографски музеј, Београд, 1971, 8.
[3]E. Fromm, “Zaboravljenijezik”, Zagreb, 1970, 15.
[4]Никола Пантелић, „Накит и кићење у XIX и XX веку“, Етнографски музеј, Београд, 1971, 13.
[5]*Ibid*. 19.

ослободување на она што е содржано во него, како што ни раскажува митот за Прометеј[6].

Во нашата култура, исто така, неоспорна е застапеноста и верувањето во оваа симболика на кругот, односно прстенот. Како пример ќе го споменеме свадбениот обичај кога младата невеста низ прстен го гледа младоженецот кога доаѓа по неа со сватовите, за да и биде верен во бракот.Кај нашиот народ, како парче накит, го сретнуваме рамноправно и кај двата пола.

Во збирката на Заводот и музеј - Битола се наоѓаат повеќе парчиња прстени и прстени печатници создадени за време на турското владеење. Турците донесле на Балканот, не само нов социјален и економски поредок туку и нов вкус и стил во применетата уметност. Османлиските Турци биле познати по изработката на накит, кој со својата форма и стил брзо се наметнал на христијанското население и станал составен дел одо блеката. Историски, едни од првите пронајдени постоечки прстени се токму прстените со печат или прстените печатници од египетските гробници кои служеле за автентикација на документи од страна на носителот[7].Нивната употреба како личен потпис кој го утврдувал идентитетот или положбата на оној кој го носи била распространета насекаде иостанала непроменета сé до 19 век. Бидејќи се користеле за извршување на религиозни, правни и трговски транскации и му давале еден вид правен авторитет на сопственикот, овие прстени претставувале симбол за голема моќ, просперитет и висок ранг и биле носени исклучиво од влијателни членови во општеството. Типичен пример за тоа е „рибарскиот прстен“ на папата кој се користел за потпишување на важни документи сé до 1842 год[8].

Следствено на тоа, изработката на овие печати во форма на прстени била вообичаена и кај Турците Османлии. Тие биле изработувани за султани, големи везири, службени лица, институции, но и за поединци[9]. Личните печати и прстените печатници биле правени по примерот на печатите на највисоките државни службеници и истакнати личности. Тие се карактеризираат со разновидна изработка, материјали, форми и пишан текст. Ги изработувале кујунџиите и тоа од злато, сребро, месинг и други материјали во согласност со имотниот статус на сопственикот. Најчесто го содржат неговото име, титула, значаен датум како на пример датумот на преземање на некоја

[6]Прометеј го украл огнот од боговите и им го дал на луѓето. За казна Зевс го заковал на железната планина Кавказ и се заколнал дека Прометеј ќе биде окован засекогаш. Вековите поминувале и откако меѓу боговите и луѓето се створила врска, Зевс го овластил Хераклес да го ослободи Прометеј под услов Прометеј да носи железен прстен на прстот во кој се наоѓа парче карпа од Кавказ и дел од синџирот со кој бил окован. Со тој прстен Зевс го одржал своето ветување дека Прометеј ќе биде окован засекогаш.

[7]Ring, https://www.britannica.com/.

[8]RING OF THE FISHERMEN,https://www.catholicculture.org/.

[9]МирјанаМаринковић, ИренаЦвијановић, „Оријентално прстење из збирке етнографског музеја у Београду“ во: Гласник Етнографског музеја у Београду, бр. 76, Етнографски музеј у Београду, Белград, 2012, 297.

должност, годината кога е изработен, или некогаш некој стих или поговорка. На прстенот печатник натписот е врежан обратно, како негатив. Тој вообичаено се носелна малиот прст на десната рака и се користел на тој начин што се нанесувало мастило на површината на печатот, по што се втиснувал на парче хартија. Имајќи предвид колку биле мали прстените печатници, не е тешко да се заклучи колку вештина и прецизност биле потребни за да се изработат. Натписите на прстените печатници се еден вид пример за калиграфско мајсторство.

Примероците кои се наоѓаат во битолскиот музеј се примери на накит и лични печати изработени во вид на прстен, претежно од 19 век. Првиот претставен прстен е типичен прстен печатник од тоа време. Изработен е од посребрен бакар во техника на лиење, со дијаметар на кариката од 1,8 цм.Главата, односно, печатот е со кружна форма со дијаметар од 1,5 цм (фотографија бр. 1).

Фото. бр. 1 Прстен печатник бр. 1

Самиот печат е изработен како негатив и со помош на гравирање е поделен на три делови. Доколку го анализираме како позитив (фотографија бр. 2) гледаме дека на најгорниот дел е испишан бројот 1873, за кој претпоставуваме дека е годината на изработка, а на најдолниот дел е изгравиран грчки крст - crux quadrata[10]. Крстот како симбол има повеќекратно значење, но во овој случај најверојатно е знак за верската припадност на сопственикот на прстенот, а можеби и има апотропејско (заштитно) дејство. Во средишниот и најголем дел е изгравиран натписот: “ΔiNo”. Првата

[10]Грчкиот крст или crux quadratae еден од четирите основни типа на иконографски претстави на крстот. Наречен ecrux quadrata поради неговитееднакви четири страни.

буква„Δ“ е четвртата буква „делта“ од грчката азбука, еквивалентна на кириличната „Д“. Кога овој натпис го читаме фонетски, се изговара како „Дино“. Под претпоставка дека е испишано на грчки јазик, затоа што започнува со буква од грчката азбука, кога на македонски јазик би го преведиле зборот „дино“ тој би го имал значењето: „јас давам“, „јас овластувам“ или „јас дозволувам“.Со оглед на тоа што Битола била седиште на Румелискиот вилает, од почетокот на 19ти век, во тој период со изградбата на бројни воени и стопански објекти, како и мноштво дипломатски конзуларни претставништва и агенции, полека прераснала во регионален и европски центар на овие простори. Знаејќи го тоа и доколку симболичката анализа ни е точна, тогаш можеме да претпоставиме дека овој прстен му припаѓал на некое грчко службено лице совисоки ингеренции и социјален статус во тогашна конзулска Битола.

Фото. бр.2. Негатив на прстен печатник бр. 1

Прстените печатници како прстенот бр. 1низ историјата најчесто биле носени од машкиот пол поради моќта и авторитетот кои го демонстрираат, но во битолската етнолошка музејска збирка се наоѓа еден нетипичен претставник на овие видови прстени, односно, женски прстен печатник (фотографија бр. 3). Иако во историската збирка на НУ Завод и музеј - Битола постојат печати кои им припаѓале на жени, сепак, сите тие датираат од почетокот на 20 век и ниту еден од нив не е прстен печатник[11].

[11]Овие печати за првпат беа претставени пред пошироката јавност во изложбата „Турски печати“ од авторот д-р. Александар Литовски на 8.10.2013 г.

Фото. бр. 3 Прстен печатник бр. 2

Овој прстен е изработен од посребрен бакар во техника на лиење, гравирање и гранулација. Големината на кариката е со дијаметар од 2,2 цм., а димензиите на главата со печат се 1,7 х 1,2цм. Од двете страни на главата, над кариката со гранулација се изведени по три декоративни цветови. Главата е направена во вид на негатив, во форма на осмострана призма, а печатот исто како и прстенот бр. 1 е изработен со помош на гравирање и е поделен на три еднакви делови (фотографија бр. 4). Слично како и првиот прстен печатник, и тукаво делот најдолу претпоставуваме дека е испишана годината на изработка: 1872, а во горниот дел е изгравиран грчки крст - crux quadrata со по едно стилизирано сонце од двете страни. Како и во случајот на претходниот прстен печатник, крстот најверојатно ја означува религиската припадност на сопственикот, додека пак сонцата,неговата етничка припадност. Сонцето како соларен симболкој означува живот, енергија, сила, преродба е еден од најчесто користените симболи на нашите простори уште од античко време. На печатната глава на овој прстен, конкретно, изгравирани се две сонца со по осум крака. Сонцето со осум краци е етнички симбол кој го среќаваме и кај Македонците, но и кај Власите[12]. За разлика од првиот прстен, тука во средишниот дел е испишано името на сопственикот: „Мариа“. Тврдењето дека тоа е името на сопственикот го поткрепува и самата декорација на прстенот, односно поставените цветови на него како типичен женски декор.

[12]Осмокракото сонце како мотивпокрај на македонското, е претставено и на влашкотознаме кое датира уште од 19 век.

Фото. бр 4. Негатив на прстен печатник бр. 2

Она што е фасцинантно во овој случај е тоа што, како што споменавме претходно, традиционално прстените печатници со сиот авторитет кој го носат се машки домен. Но, во нашиов случај имаме прстен кој и припаѓал нажена по име Марија, христијанка со македонско или влашко потекло, која живеела во 19 век во Битола, во тогашно доминантно муслиманско општество. Тоа е уште еден доказ дека без разлика на тоа што Битола се наоѓала во Османлиската Империја, нејзиното граѓанство ги следело големите светски модерни трендови и било во корелација со западноевропските движења како во сè останато, така и во поглед на еманципацијата на жената во тоа време.

РЕЗИМЕ

Прстенот како парче накит низ вековите бил симбол за моќ, авторитет, општествена положба, етничката и верската припадност на нивните сопственици. Најрепрезентативен пример за тоа се прстените печатници кои за првпат се појавиле во Египет уште во 3500 година п.н.е.,со целавтентикација на документи од страна на носителот. Нивната употреба како личен потпис кој го утврдувал идентитетот или положбата на оној кој го носи била распространета насекаде и останала непроменета сé до 19 век. Изработката на овие печати во форма на прстени била вообичаена и во Отоманската Империја. Тие биле изработувани за султани, големи везири, службени лица, институции, но подоцна и за поединци од злато, сребро, месинг и други материјали во согласност со имотниот статус на сопственикот. Битолската музејска етнолошка збирка содржи неколку примероцикои им припаѓале на поединци, со потекло од 19 век кога Битола била седиште на Румелискиот вилает и високо развиен европски град со своја граѓанска класа и резиденција на највисоките државни службеници и истакнати личности. Овие прстени

печатницисе карактеризираат со софистицираност, елеганција и естетска вредност, што потврдува дека нивните изработувачи и сопственици имале развиено чувство за естетика. Биле изработени од локални мајстори кујунџии и претставуваат еден вид ремек-дела на минијатурата.

RESUME

Rings as a timeless piece of jewelry over the centuries have been a symbol of power, authority, social status, ethnicity and religion of their owners. The most representative example of this are the signet rings that first appeared in Egypt in 3500 BC, in order to authenticate documents by the holder. Their use as a personal signature that established the identity or position of the wearer was widespread and remained unchanged until the 19th century. The making of these seals in the form of rings was also common in the Ottoman Empire. They were made for sultans, grand viziers, officials, institutions and later for individuals from gold, silver, brass and other materials according to the financial status of the owner. Bitola museum ethnological collection contains several specimens that belonged to individuals, dating back to the 19th century, when Bitola was the seat of the Rumelia Vilayet and a highly developed European city with its own bourgeoisie and residence of the highest civil servants and prominent figures. These signet rings are characterized by sophistication, elegance and aesthetic value, confirming that their makers and owners had developed sense of aesthetics. They were made by local craftsmen and silversmiths and are a kind of miniature masterpieces.

Литература

1. Fromm, E. “Zaboravljenijezik”, Zagreb, 1970.
2. *RING OF THE FISHERMEN*,https://www.catholicculture.org/.
3. *Ring*, https://www.britannica.com/.
4. Маринковић, Мирјана, Цвијановић, Ирена, „Оријентално прстење из збирке етнографског музеја у Београду“, *Гласник Етнографског музеја у Београду, бр. 76*, Етнографски музеј у Београду, Белград, 2012.
5. Пантелић,Никола, *„Накит и кићење у XIX и XX веку“*, Етнографски музеј, Београд, 1971.